СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

**Бр. 20-787/5**

**Скопје, 21.09.2021 година**

**З А П И С Н И К**
**од седница на ЦИК одржана на ден 29.07.2021 година**

На седницата присуствуваа членовите на Комисијата: д-р Ненад Цветановски, претседател на Централната изборна комисија, д-р Костадин Митев и д-р Милан Нацевски.

Отсутни беа д-р Александар Стојановски и д-р Ридван Алили.

Откако утврди кворум за работа, претседателот на Централната изборна комисија, д-р Цветановски го предложи следниот дневен ред:

-Усвојување на предлог-дневен ред;

1. Усвојување на Записникот од седницата одржана на ден 28.06.2021 година;

2. Доработка на Предлог-роковник за спроведување на изборни дејствија за избори на членови во регионалните одбори, делегати на Собранието и претседател на Стоматолошката комора на Македонија;

3. Заклучување на избирачкиот список, согласно член 28 од Правилникот за избори;

4. Подготовка на УПАТСТВО ЗА ПОСТАПУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНИТЕ ИЗБОРНИ КОМИСИИ во текот на изборите за членови во Регионален одбор Битола и делегати во Собранието на Комората;

3. Разно.

Предлог-дневниот ред беше едногласно усвоен без измени и дополнување.

**1. Усвојување на Записникот од седницата одржана на ден 28.06.2021 година**

Записникот од последната седница на Комисијата одржана на ден 28.06.2021 г. едногласно беше усвоен од присутните членови на Комисијата.

**2. Доработка на Предлог-роковник за спроведување на изборни дејствија за избори на членови во регионалните одбори, делегати на Собранието и претседател на Стоматолошката комора на Македонија;**

ул „Балзакова“ бр. 32, Скопје
+389 (02) 3246 851/852
skm@skm.mk
www.skm.mk

Роковникот донесен на претходната седница на ЦИК е дополнет во точка 5, односно датумот на одржување на Собирот на докторите се менува од 05.09.2021 г. во 06-13.09.2021 г.

3. **Заклучување на избирачкиот список, согласно член 28 од Правилникот за избори;**

До ЦИК, од страна на Секторот финансии на СКМ беше доставен Список на доктори од РО Битола, кои заклучно со 15.07.2021 г. ( во периодот од 16 до 29.07.2021 г. нема нови уплати на име членарини од доктори на стоматологија од РО Битола) платиле членаринаи имаат активна лиценца за работа. Единствениот избирачки список, по истек на рокот од 30 дена од денот на објавување на одлуката за распишување на избори, **се заклучува од страна на ЦИК и истиот се употребува за одржување на Собирот на доктори на РО Битола и делегати во Собранието на Комората.**

На членовите во Комората кои пристапиле да гласаат, а притоа нема да им се поклопат податоците од личниот документ и лиценцата со податоците во единствениот избирачки список или не се запишани во истиот, **нема да можат да гласаат.**

4. **Подготовка на УПАТСТВО ЗА ПОСТАПУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНИТЕ ИЗБОРНИ КОМИСИИ во текот на изборите за членови во Регионален одбор Битола и делегати во Собранието на Комората;**

Комисијата изготви Упатство за постапување на РИК во текот на изборите за членови во РО Битола и делегати во Собранието на Комората, кое е во прилог на овој Записник.

5. **Разно.**

Комисијата изготви и Објаснување на постапката за избори во РО Битола, согласно Правилникот за избори и Статутот на СКМ (Сл.весник на РСМ бр. 118/2021) и истото е во прилог на овој Записник.

По исцрпување на дневниот ред, претседателот на ЦИК за затвори седницата.
Седницата заврши во 12:20 часот.

Записничар,
Ана Ангелеска ______________

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
Централната изборна комисија
Претседател,
**д-р Ненад Цветановски**

М.П. ______________

ул „Балзакова“ бр. 32, Скопје
+389 (02) 3246 851/852
skm@skm.mk
www.skm.mk